АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 26. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5176 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** издавачите на печатени медиуми - Друштво со ограничена одговорност за новинарство и издаваштво БИТОЛСКИ ВЕСНИК Битола ДОО издавач на „Битолски весник“,Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ЗАМАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје издавач на „Заман“ и „Заман шќип“ и Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје издавач на „Јени Балкан“, и тоа:

   2.1. Изданието бр.2679/80 на „Битолски весник“,
   2.2. Изданието бр.1058 на „Заман“,
   2.3. Изданието бр.130 на „Заман шќип“ и
   2.4. Изданието бр.632 на „Јени Балкан“

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26-ти октомври 2016 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

   4.1. **Констатации од надзорот:** Сите печатени медиуми што беа опфатени со надзорот во целост ја исполниле обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***